# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.15 од 25.01.2013 година**

**Член 1**

Во Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ("Службен весник на Република Македонија" број 142/2008, 64/2009, 156/2009, 166/10, 53/11, 185/11 и 44/12), во членот 4 точката 11 се менува и гласи:
"„Носител на семејно земјоделско стопанство" е полнолетно лице кое е одговорно за управување со земјоделското стопанство и кое истапува во име и за сметка на семејното земјоделско стопанство и како такво е запишано во Единствениот регистар на земјоделски стопанства во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство;".

**Член 2**

Во членот 7 став (1) точката 6 се менува и гласи:
„носител на семејно земјоделско стопанство од прва, втора и трета категорија согласно со Законот за земјоделство и рурален развој;".

**Член 3**

Во членот 10 став (1) точката 4 се менува и гласи:
„носител на семејно земјоделско стопанство од втора и трета категорија согласно со Законот за земјоделство и рурален развој;".

**Член 4**

Во членот 10-а ставот (5) се менува и гласи:
„Граѓанинот кој не е дефиниран како обврзник за плаќање на придонес по една од основите од членот 10 став (1) точки од 1 до 14 од овој закон правата од здравственото осигурување во тековната година ги остварува согласно со прописите од областа на здравственото осигурување, врз основа на поднесена изјава во тековната година за остварените нето приходи во претходната година."
Ставот (6) се брише.

**Член 5**

Во членот 10-б ставот (1) се менува и гласи:
„Граѓаните кои не се дефинирани како обврзници за плаќање на задолжителен придонес за здравствено осигурување според членовите 10 и 10-а од овој закон, можат да станат обврзници за плаќање на придонес за задолжително здравствено осигурување заради користење на правата на здравствени услуги дефинирани во законот кој го уредува системот на здравственото осигурување, врз основа на поднесена изјава во тековната година за остварените нето приходи во претходната година."
Ставот (2) се брише.

**Член 6**

Во членот 13 став
(1) точката 3 се менува и гласи:
„Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија е обврзник за пресметка на придонесите за носител на семејно земјоделско стопанство од прва, втора и трета категорија согласно со Законот за земјоделство и рурален развој и за лицата од членот 7 ставови (1) точки 3, 4, 7 и 12 и (2) и членот 8 став (1)

точка 5 од овој закон, а обврзници за уплата на придонесите се лицата сами за себе;".
По точката 3 се додава нова точка 3-а, која гласи:
„3-а) Фондот за здравствено осигурување на Македонија е обврзник за пресметка на придонесите за носител на семејно земјоделско стопанство од втора и трета категорија согласно со Законот за земјоделство и рурален развој и за лицата од членот 10 став (1) точки 5, 7, 9, 11 и 12 и членот 10-б од овој закон, а обврзници за уплата на придонесите се лицата сами за себе;".

**Член 7**

Во членот 14 став (1) точка 5 по зборот „работодавачот" се додаваат зборовите: „или просечната плата во Републиката објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика, доколку нема податок за просечна плата на работникот остварена во година пред упатување на работа во странство".
Во точката 6 по зборовите: „што ја прима во странство" се додаваат зборовите: „или просечната плата во Републиката објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика, доколку нема податок за просечна плата на работникот остварена во година пред упатување на работа во странство и платата што ја прима во странство".
Во точката 12 зборовите: „индивидуален земјоделец" се заменуваат со зборовите: „носител на семејно земјоделско стопанство од прва и втора категорија согласно со Законот за земјоделство и рурален развој".
Во точката 14 по алинејата 8 се додава нова алинеја 9, која гласи:
„- носител на семејно земјоделско стопанство од трета категорија согласно со Законот за земјоделство и рурален развој."
Ставот (2) се менува и гласи:
„По лично барање, осигуреникот - самовработено лице, верско лице и носител на семејно земјоделско стопанство од прва, втора и трета категорија согласно со Законот за земјоделство и рурален развој, придонесите може да ги плаќа и на повисока основица."

**Член 8**

Во членот 22 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:
„(2) Обврзникот за плаќање на придонеси ја известува Управата за јавни приходи, доколку обврзникот за пресметка и уплата на придонесите постапи спротивно на ставот (1) на овој член."

**Член 9**

Одредбите од членовите 1, 2, 3, 6 и 7 ставови 3, 4 и 5 од овој закон ќе се применуваат од 1 октомври 2013 година.

**Член 10**

Се овластува Законодавно-правната Комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.

**Член 11**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".